МАКЕДОНСКО
КРЕДИТНО БИРО

МКБ.УП.ПОЛ.01/к1
Верзија 3

Арх. бр. 03-147/1
Дата 17.07.2025

# Политика за управување со квалитет, сигурност на информации, сајбер безбедност и заштита на приватност на податоци и информации

Скопје, јули 2025

МАКЕДОНСКО
КРЕДИТНО БИРО

МКБ.УП.ПОЛ.01/к1
Верзија 3

Арх. Бр. 03-147/1
Дата 17.07.2025

# Политика за управување со квалитет, сигурност на информации, сајбер безбедност и заштита на приватност на податоци и информации

МКБ воспостави, ги применува, ги одржува и постојано ги подобрува управувањето со квалитет и системот за управување со сигурност на информацци, сајбер сигурност и заштита на приватност на податоци и информации во контекст на зачувување и унапредување на работењето со цел зголемување на обемот и квалитетот на кредитните активности, обезбедување транспарентна и фер размена на податоци меѓу кредиторите, во врска со кредитното однесување на правни и физички лица, обработка на податоци добиени од давателите на информации и издавање извештаи за фактичката состојба на обврските на субјектите на податоци и градење национална инфраструктура која е од корист за сите правни и физички лица во Република Северна Македонија, обезбедувајќи сигурност и доверливост при преносот на податоци, без разлика дали тоа се врши во електронска или писмена форма.

МКБ посветува особено внимание на одржување на професионално ниво на внатрешните односи помеѓу вработените. Строго се контролирани процесот на услуги добиени од надворешни лица и активности под-изведувани од трети страни особено за важните оперативни функции на МКБ.

Во однос на законските барања, работењето на МКБ е усогласено со Законот за кредитно биро, Законот за заштита на лични податоци и друга подзаконска регулатива релевантна за работењето на Бирото.

МКБ цели кон создавање на профитабилна организација со задоволни акционери, партнери и корисници кај кои ужива висок степен на доверба, создавање модерна и пазарно ориентирана компанија, целосно посветена на актуелните економски случувања и законската регулатива. Во секојдневното работење ќе презема низа активности за остварување на следните цели:

- собирање и обработка на податоци со цел изготвување извештаи за нивото на задолженост и редовноста во исполнувањето на обврските за плаќање од страна на субјектите на податоци,
- посветено и одговорно работење со фокус кон ширење на членството и нови корисници на податоци,
- зголемување на приходите и оптимизација на расходите на друштвото,
- подобрување на перформансите преку градење на организациска структура која ќе обезбеди ефективна усогласеност и ефикасно управување со човечки, информациски и финансиски ресурси,
- продлабочена соработка со други институции и субјекти во насока на креирање на услови за привлекување на корисници на услугите на МКБ,
- придонес кон едукација на физички и правни лица (субјекти) преку организација на обуки, подготовка на прирачници, брошури и слично, со цел доближување на услугите кои ги нуди МКБ.

Целокупното работење се темели врз основа на почитување на основните принципи во деловното работење: рационалност, економичност, сигурност, ажурност, стабилност, ликвидност, рентабилност, управување со ризици во работењето, добро корпоративно управување, примена на меѓународни стандарди и обелоденување на работењето.

Опсегот на работењето на МКБ опфаќа: собирање, обработка и размена на податоци за обврските на правни и физички лица.

МКБ обезбедува квалитет, информациска безбедност, сајбер безбедност и заштита на приватност на податоци и информации така што:

- Дефинира план и програма за работа на МКБ,
- Следи и оперативно ги планира сите активности,
- Организира податоците да бидат расположливи на овластените корисници секогаш кога тоа го наложува деловниот процес,
- Обезбедува точност и комплетност, односно одржување на интегритет на податоците,
- Ги заштитуваа вредните и чувствителни податоци од неовластено разоткривање и пристап,
- Обезбедува усогласеност со статутарните, законските или договорните обврски,
- Вложува во едукација и професионален развој на сите вработени,
- Управува со развојот на постојните и новите сервиси,
- Управува со собирањето, обработката и користењето на податоците,
- Воспоставува систем на евидентирање, класифицирање, означување, чување и користење на податоци и информацискиите средствата,
- Управува со своите ризиците и можности,
- Управува со односот со корисниците и давањето на сервиси и се грижи за редовно следење, известување и пријавување на инциденти или неовластени активности во МКБ,
- Управува со набавките, односите со добавувачи и релевантни трети страни согласно актуелната регулатива меѓународна и национална,
- Управува со PR - комуникацијата, маркетингот и продажбата,

Со редовните годишни и по потреба вонредни контроли на почитувањето на воспоставените правила и мерки од страна на внатрешни и надворешни ревизии обезбедува усогласеност на информациониот систем на МКБ со Политиката за управување со квалитет, информациска безбедност, сајбер безбедност и заштита на приватност на податоци и информацииkако и останатите релевантни политики и врши нивно континуирано подобрување.

Тони Трајанов

Главен извршен директор